# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН

НА ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

2016 - 2026

- Кои сме ние
- Визија
- На кого се однесува
- Вредности
- Мисија
- Стратегиски цели / столбови

# КОИ СМЕ НИЕ

УЕФА **СУПЕР КУП 2017**
Национална арена „Филип Втори“
во СКОПЈЕ

**23.000**
регистрирани
играчи

**АНДОН ДОНЧЕВСКИ**
првиот селектор на А
репрезентацијата на Македонија
*“Дочекав да ја водам македонската репрезентација.
Душата ми е полна. Без ова животот ќе ми беше празен.“*

16 ОКТОМВРИ
2002 ГОДИНА
Англија - **Македонија** 2-2, незаборавен
натпревар во Саутемптон, Англија

7000 *деца на возраст
од 8 до 12 година
во детската
фудбалкса лига*

0 ПЛАСМАН НА ЕВРОПСКО
И СВЕТСКО ПРВЕНСТВО

ДАРКО ПАНЧЕВ **ЗЛАТНА КОПАЧКА** *на ЕВРОПА*
*„Постигнувањето голови беше моја работа и дарба дадена одмоите родители и од Господ“*
*1990/1991*

**Словенија - Македонија 1:4**
13 ОКТОМВРИ 1993 ГОДИНА
**прв официјален натпревар** *на
репрезентацијата на Македонија
Крањ - Словенија*

***1994 година*** **28 април**
*фудбалската федерација на македонија станува
полуправен* ***член на УЕФА***
**16 јуни**
*фудбалската федерација на македонија станува
полуправен* ***член на ФИФА***

*фудбалската*
***академија***
на ФФМ дел од проектот за елитни
фудбалери - 2015

*22 март 2013 Отворање на комплексот*
**„КУЌА НА ФУДБАЛОТ“**

1919 **20** *април е одигран првиот официјален меѓународен натпревар
во Македонија меѓу селекцијата на англиската војска и младински тим
од Скопје*

**Најголемата победа нашата футсал репрезентација
ја има издвојувано над Бугарија со резултат
Охрид, 24 октомври 2002 година** **21:2**

*1992 година
април 28
Струмица - основачка
седница за самостоен
фудбалски сојуз на
Македонија*

**ПАНДЕВ
ГОРАН**
**ЕВРОПСКИ И СВЕТСКИ
ШАМПИОН СО ИНТЕР
2009/2010**

ФФМ

КОЛЕ **ЧАШУЛЕ**
**ПРВИОТ** ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФУДБАЛСКАТА
ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
*Фудбалот беше благороден ангажман, а не суров занает.
Самопрегорната ангажираност ги покажа првите
импресивни резултати*

1 СТАДИОН ОД ЧЕТВРТА КАТЕГОРИЈА
НАЦИОНАЛНА АРЕНА
“Филип Втори”

# ВИЗИЈА

НА ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА


ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
СОЗДАВАМЕ МОЖНОСТИ
ФФМ
ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
WE CARE ABOUT FOOTBALL
СКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Фудбалска Федерација на Македонија
Football Federation of Macedonia

# НА КОГО СЕ ОДНЕСУВА


ФИФА
ИГРАЧИ
ТРЕНЕРИ
СУДИИ
КЛУБОВИ
ФАНОВИ
РОДИТЕЛИ
ФУДБАЛСКИ ШКОЛИ
РЕГИОНИ
ОФС
УЕФА
Агенти / Посредници
Фудбалски работници
Вработени
Комерцијални партнери
Државни институции
Локална самоуправа
МОК
Училишта
Факултет за физичка култура
Синдикат на фудбалери
НВО
Други фудбалски федерации
Други спортски сојузи во државата
Ветерани и фудбалски легенди
Семејства и посетители
Поширока јавност
ТВ гледачи
Корисници на социјални медиуми

# ВРЕДНОСТИ

НА ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ВРЕДНОСТИ



# ВРЕДНОСТИ

## ОДГОВОРНОСТ

Работење во согласност со законската регулатива на РМ, актите на ФФМ и ФИФА и УЕФА.

## РАЗВОЈ

Развој на играта преку континуирано унапредување на стручните, технолошките и инфраструктурните капацитети.

## ИНТЕГРИТЕТ

Заштита на личниот интегритет и интегритетот на играта.

## ПРОФЕСИОНАЛИЗАМ

Професионално однесување на вработените во ФФМ во интерес на сите вклучени во фудбалската игра.

# ВРЕДНОСТИ

## ФЕР ПЛЕЈ
Фер игра на и вон теренот - 100% фудбал.

## ЧЕСНОСТ
Етичност и правичност во работењето и во однесувањето.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ
Отворен пристап кон сите чинители.

## ЕДНАКОВ ТРЕТМАН
Еднаков третман на сите поврзани со фудбалската игра.

## ПОЧИТ
Почит кон сите поврзани со фудбалската игра.

## ТИМСКА РАБОТА
Тимска работа во фудбалската организација на сите нивоа.

## НАЦИОНАЛНА ГОРДОСТ
Фудбалот како синоним за национална гордост.

# МИСИЈА

НА ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА







# МИСИЈА

Фудбалската федерација на Македонија ја има одговорноста за организирање на сите аспекти на фудбалската игра, водејќи сметка за:

- Раст на играта - создавање на можности за омасовување на фудбалската игра, зголемување на бројот на учесници на сите нивоа, во согласност со можностите, талентот и посакуваната цел, од аматерски до елитен фудбал;

- Добро раководење и организациски развој - на ниво на организации и членки, администрација, организација на лигите, организација на фудбалската игра во целост.

- Финансиски раст - транспарентно и одговорно управување со средствата, создавање услови за финансиски раст од постоечките извори на средства и од нови извори на финансирање.

- Вложување, развој и одржување на фудбалската инфраструктура;

- Постигнување резултати на меѓународен план - создавање услови за развој на квалитетни младински репрезентации кои ќе постигнат успех на меѓународен план со што ќе се создаде основа за квалитетни сениорски репрезентации, создавање на услови за развој на квалитетен клубски фудбал;

# СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ

НА ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА


РАСТ НА ИГРАТА
РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ
ФИНАНСИСКИ РАСТ
ИНФРАСТРУКТУРА
МЕЃУНАРОДЕН УСПЕХ
ОСНОВНИ СТОЛБОВИ НА КОИ СЕ ЗАСНОВА СТРАТЕГИСКИОТ ПЛАН

## 1.1 Раст на играта

- Создавање на можности за омасовување на фудбалската игра, зголемување на бројот на учесници на сите нивоа, во согласност со можностите, талентот и посакуваната цел, од аматерски до елитен фудбал

- Клучни зборови: Развој, младински фудбал, масовност, грасрут, деца, елитен младински фудбал, организација, натпревари, тренери, судии, агенти/посредници, футсал, женски фудбал, родители, училишта, клубови, едукација, партиципација

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Развој на младинскиот фудбал* | *Подобрување на услови за развој на детски фудбал.* | *Одржан и зголемен број на екипи и деца во младински лиги за најмалку 25%.* | *период 2016 - 2019* |
| | *Одржување и зголемување на мотивацијата на играчите да продолжат со играње фудбал, од детски до младински фудбал.* | | |
| | *Организирано натпреварување во училишен фудбал, за деца од 6 до 10 години според јасно дефинирани старосни категории / 2 категории.* | *Јасна евиденција на број на регистрирани играчи. Евидентирање на играчи од училишен фудбал. Регистрација на евидентирани играчи.* | *од натпреварувачка 2017/2018 сезона* |

## 1.1 Раст на играта

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Настани за масовна вклученост - фудбалска игра е достапна за сите* | *Организација на останати грасрут настани во правцец на зголемување на партиципација.* | *Организирани 4 настани за социјална одговорност годишно.* | *Во периодотод 2016 - 2021* |
| *Подобрување на квалитетот на судии и судење* | *Задржување на постоечкиот и зголемување на бројот на судии и подобрување на квалитетот на судењето.* | *Зголемување и задржување на постоечкиот број на судии.* | *Во период од 2016 - 2021* |
| | | *Континуирано зголемување на просечната оценка на судењето и намалување на негативните оценки.* | *Во период од 2016 - 2026* |
| | *Унапредување на програмата за привлекување на нови судии.* | *Повисоко рангирање на судии на меѓународен план. Зголемен број на меѓународни судии.* | *Во период од 2016 - 2021* |

## 1.1 Раст на играта

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Подобрување на квалитетот на работата на тренерите* | *Семинари за добивање на УЕФА Б и А дипломи на годишно ниво* | *45 нови тренери на годишно ниво во единствениот список на тренери.* | *Во периодотод 2016 - 2021* |
| | *Семинар за добивање УЕФА ПРО диплома на секои три години* | | |
| | *Едукација на тренери за голмани за УЕФА А диплома.* | *Одржан најмалку еден семинар за голмани на годишно ниво.* | *Во период од 2016 - 2026* |
| | *Воведување на национална програма за едукација на фитнес тренери* | *Воведена национална програма за фитнес тренери и одржани семнинари еднаш годишно.* | *Во период од 2016 - 2026* |
| | *Учество на УЕФА студиски групи за размена на тренерски искуства* | *80 тренери на УЕФА студиски групи 4 пати во две години* | *Во период од 2016 - 2026* |
| | *Едукација за грасрут тренери* | *Рестартирана Ц лиценца до крај на 2016 40 тренери со Ц лиценца годишно* | *Во период од 2016 - 2021* |
| | *Редовни годишни семинари за обнова на знаење на сите тренери носители на УЕФА диплома и национална лиценца* | *Тематски собири/техника, тактика, кондициска и психолошка припрема - 1 во четири месеци* | *Во период од 2016 - 2026* |
| | | *Поддршка за присуство на стручно - научни конференции на тренери во земјата и странство* | *Во период од 2016 - 2026* |
| | *Едукација на футсал тренери* | *Оддржани семинари за футсал тренери на годишно ниво* | *Во период од 2016 - 2026* |
| | *Подготовка на прирачник со видео материјал* | *Издавање на стручни публикации на годишно ниво* | *Во период од 2016 - 2026* |

## 1.1 Раст на играта

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Развој на женскиот фудбал* | *Одржување и зголемување на бројот на фудбалски клубови* | *Зголемен број на женски играчи за 10% на годишно ниво* | *Во периодотод 2016 - 2021* |
| | | *Вклучување на 900 девојчиња во грасрут настани* | *Во период од 2016 - 2018* |
| | *Воведување на нови натпреварувања за промоција на женскиот фудбал* | *Организирање на женско младинско натпреварување* | *Од натпреварувачка 2020/21 сезона* |
| | | *Формирање на Втора Женска Фудбалска Лига* | *Од натпреварувачка 2021/22 сезона* |
| | *Организација и учество на меѓународни женски развојни турнири вклучувајќи и национални тимови* | | *Во период од 2016 - 2026* |
| | *Семинари за следење на трендови и едукација на сите вклучени во женскиот фудбал* | *20 нови женски тренери со Б лиценца и 5 женски тренери со А лиценца* | *До 2021 година* |
| | | *Одржана едукација на сите вклучени во женски фудбал еднаш годишно* | *Од 2016 до 2026* |

## 1.1 Раст на играта

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Развој на футсалот* | *Зголемување на бројот на играчи* | *Зголемен број на регистрирани футсал играчи за 100%* | *До 2021 година* |
| | *Подобрување на условите во двете лиги* | *Професионализирана прва футсал лига* | *Од натпреварувачка 2021/2022 сезона* |
| | *Семинари за следење на трендови и едукација на сите вклучени во футсалот* | *Одржана едукација на сите вклучени во футсал еднаш годишно* | *Од 2016 до 2026* |

## 1.2 Раководење и организациски развој

- На ниво на организации членки, администрација, организирање на лигите, организација на фудбалската игра во целост;

- Клучни термини: репутација, бренд, раководење, човечки ресурси, тренери, судии, контролори, делегати, фудбалери, посредници, вработени, структура, лигите, натпреварување, процеси, интегритет, едукација, комуникација, медиуми, администрација, транспарентност, ефикасност, ефективност, евалуација, континуирано подобрување;

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Измена во системот за натпреварување* | *Имплементација на промени во систем на натпреварување на ФФМ* | *Усвоен акт за изменет систем за натпревари на ФФМ* | *Од натпреварувачка 2017/18* |
| | *Измена во систем на натпреварување во млади категории* | *Усвоен акт за изменет систем на натпреварување во млади категории* | *Од натпреварувачка 2017/ 18* |
| | *Организирање на систем за натпреварување - втора женска лига* | *Започнување со втора женска лига* | *Од натпреварувачка 2021/22* |
| | *Проценка на предизвиците од системот на натпреварување во детските лиги* | *Надградување на постоечкиот систем на натпреварување врз основа на направена анализа на фактичка состојба* | *Од 2017/18 натпреварувачка сезона* |

## 1.2 Раководење и организациски развој

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Подобрување на квалитетот на натпреварување во мал фудбал и женски фудбал* | *Воведување на систем на лиценцирање во Прва Футсал лига*<br>*Воведување на систем на лиценцирање во прва женска лига* | *Спроведен систем за лиценцирање во футсал и женски фудбал* | *Од 01.07.2018* |
| *Измена во структурата на федерацијата и организациите членки* | *Проценка на предизвиците со кои се соочуваат организационите членки*<br><br>*Креирање на унапредена структура.* | *Дефиниран модел на структура на организација на Фудбалската Федерација на Македонија* | *До август 2018* |
| | *Едукација за фудбалски менаџмент за организациите членки* | *Едукација на администраторите од организации членки* | *До 31.12.2018* |

## 1.2 Раководење и организациски развој

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Измена во организација на генералниот секретаријат на ФФМ* | *Проценка на предизвиците кои произлегуваат од дневно административна работа на Фудбалската Федерација на Македонија* | | |
| | *Дефинирање на оптимален број на сектори и служби во насока на исполнување на надлежностите на фудбалската федерација на Македонија* | *Дефиниран број на сектори и служби* | *До 31.12.2016* |
| | *Евaулација на постапките и процесите за стандардизација на работењето на Фудбалската Федерација на Македонија* | *Обновување на ISO сертификат* | *До 01.07.2019* |
| | *Евиденција на меѓународните трансфери во комет систем за регистрација на играчи* | *Усогласување на ФИФА ТМС евиденција на меѓународни трансфери со комет* | *До 31.12.2016* |

## 1.2 Раководење и организациски развој

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Зајакнување на професионалните капацитети на фудбалската администрација* | *Едукација на фудбалски менаџмент* | *Организирање на УЕФА едукација за фудбалски менаџмент во Македонија* | *До 31.12.2018* |
| | *Индивидуални едукативни сесии согласно специфичните барања на работниот ангажман* | *Учество на семинари за развој на индивидуални професионални вештини* | *До 31.12.2018* |
| | *Тим билдинг сесии за вработените во фудбалската администрација* | *Одржани најмалку до две работилници за тим билдинг на годишно ниво* | *Од 2016 до 2021* |
| | *Спроведување на активности за утврдување на потребата за обука и дообучување на вработените во генералниот секретаријат* | *Годишна евалуација* | *Од 2016 до 2026* |

# 1.2 Раководење и организациски развој

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Зајакнување на професионалните капацитети на фудбалската администрација* | *Изработка и имплементација на стратегија за интерна и екстерна комуникација со фудбалско семејство и медиуми* | *Имплементирана стратегија за интерна и екстерна комуникација* | *До крај на 2016* |
| | *Соработка во правец на размена на знаење и искуствам како и заеднички проекти со останатите спортски федерации, МОК, АМС,невладини организации, факултет за физичка култура* | *Учество на трибини за унапредување на спортот во земјата, најмалку еднаш годишно* | *Во периодот 2016 - 2026* |
| | *Соработка во правец на размена на знаење и искуства, како и заеднички проекти со останатите фудбалски федерации во регионот и пошироко* | | |
| | *Активна партиципација во креирање на модел за Регионална Фудбалска Лига* | | |

## 1.2 Раководење и организациски развој

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Градење партнерски односи со локалните медиуми* | *Редовни брифинзи со новинарите во насока на правилно информирање на пошироката јавност* | *Најмалку 4 брифинзи годишно* | *Во периодот 2016 - 2026* |
| | *Продукција на видео материјали за поддршка на бренд идентитетот и активностите на федерацијата* | *Најмалку две видеа на годишно ниво* | *Во периодот 2016 - 2026* |
| *Зајакнување на стручните капацитети на фудбалските работници* | *Едукација на судии и контролори, во правец на подобрување на квалитетот на судењето* | *Спроведени по 2 семинари за судии, 4 проверки на физичка подготвеност на судии и 2 семинари за контролори на годишно ниво* | *Во периодот од 2016 до 2021* |
| | *Подигнување на квалитетот на работата на делегатите* | *Два семинари за делегати на годишно ниво* | *Во периодот од 2016 до 2021* |
| | *Организирање на работни средби со лица заинтересирани за вршење посреднички активности* | *Број на превземени активности од страна на посредници* | *Во периодот од 2016 до 2021* |

## 1.2 Раководење и организациски развој

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Континуирана заштита на интегритетот* | *Соработка со локални авторитети, ФИФА и УЕФА за подигнување на нивото на организација на административен, оперативен и превентивен план* | *Едукација на академија, репрезентации, контролори, делегати, судии, клубови еднаш годишно* | *Од 2016 до 2026* |
| | *Подигнување на свеста за најновите трендови во заштитата на интегритетот на фудбалската игра, како на локално, така и на меѓународно ниво* | | |
| | *Соработка на одделот за безбедност и заштита на интегритет и комисијата за безбедност со комисијата за натпреварување и дисциплинска комисија* | *Успешно детектирани случаи за повреда на интегритет и нивно процесуирање* | *Од натпреварувачка 2016/17 сезона* |
| *Организирање на меѓународни натпревари* | *Организација на УЕФА Супер Куп 2017* | *Успешна организација на УЕФА Супер Куп 2017* | *8-ми август 2017* |
| | *Организирање на квалификациски и развојни турнири за млади категории во машка, женска конкуренција и футсал* | *Успешна организација на 4 мини турнири* | *Во 2016* |
| | | *Најмалку 2 мини турнири годишно* | *Во периодот 2017 - 2021* |

## 1.3 Финансиски раст

- Транспарентно и одговорно управување со средствата, создавање услови за финансиски раст од постоечки извори на средства и од нови извори на финансирање.

**Клучни термини:** стабилност, приход, маркетинг, планирање, трошоци, Тв права, партнерства, дигитална платформа, база на податоци, портфолио, фанови, семејно искуство, билети, ТВ платформа, проекти, анализа, пазар.

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Максимизирање на приходите од маркетинг активности на ФФМ* | *Интегрирање на маркетинг активностите во сите аспекти на федерацијата* | *Зголемување на приходите од натпреварите во организација на ФФМ и тоа најмалку 50% за билети од натпреварите во квалификацискиот циклус за Светско првенство2018 во однос на квалификациите за Европско 2016* | *До крај на квалификациски циклус за Светско првенство 2018* |
| | *Задржување на постоечките партнерства и нивно развивање / идентификување на нови потенцијални партнери (лоби група)* | *Зголемување на приходи од партнерства и реклами за најмалку 10% за натпреварите од квалификациски циклус за Светско првенство 2018 во однос на квалификации за Европско 2016* | *До крај на квалификациски циклус за Светско првенство 2018* |
| | | *Јасно портфолио на спонзори и комерцијални партнери - 2 дополнителни партнери* | *До крај на 2016* |
| | | *4 дополнителни партнери* | *До крај на 2021* |
| | | *Официјален спонзор на Прва МФЛ* | *До 2023* |
| | | *Потпишување на договор за официјален спонзор на ФФМ* | *До 2020* |

## 1.3 Финансиски раст

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Максимизирање на приходите од маркетинг активности на ФФМ* | *Ревидирање на дигиталната стратегија на федерацијата и поставување акциони планови за развој на дигиталната платформа/ Развивање на базата на податоци на фанови и фудбалско семејство и управување со истата* | *Зголемување на бројот на следбеници на социјалните мрежи за 20% на годишно ниво* | *До 2021* |
| | | *Зголемување на базата на податоци на фанови и фудбалско семејство* | *За 50% до почетокот 2017 и понатаму за 20% на годино ниво до 2021* |
| | *Унапредување на веб страните во сопственост на ФФМ* | *Зголемување на сообраќајот на веб страните на ФФМ за 30% на годишно ниво* | *Во периодот до 2021* |
| | *Подобрување на целокупното искуство на посетителите на репрезентативните натпревари / формирање Фан клуб и позитивно семејно искуство* | *Отварање на физичка продавница и привремени продавници (на места на продажба на билети, на ден на натпревар околу стадион и сл.)* | *До крај на 2016* |
| | | *Зголемување на годишните приходи од дресови и лиценцирани производи* | *За 20% во периодот од 2016 - 2020 и за 50% во периодот 2020 - 2026* |
| | *Креирање на тикетинг стратегија* | *Дефинирана стратегија за продажба на билети* | *До септември 2016* |

## 1.3 Финансиски раст

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Продажба на ТВ права и максимизирање на приходи од медиуми поврзани со Прва и Втора лига* | *Партнерство со ТВ куќа или ТВ платформа за превземање на преносите од Прва и Втора МФЛ, како и од ТВ програма за преглед на колото.* | *Телевизија партнер за емитување на емисијата со преглед на колото* | *крај на натпреварувачка сезона 2015/2016* |
| | | *Поставување на преносите на ТВ платформа надвор од дигиталните медиуми на ФФМ* | *Од натпреварувачка 2017/2018* |
| | *Поставување на архива на натпревари на веб страната на ФФМ* | *Зголемување на гледаноста на преносите од натпреварите од Прва и Втора МФЛ 20% по сезона во периодот до 2021 година* | *Од натпреварувачка сезона 2016/17* |
| | | *Остварување приходи од реклами на ТВ* | *од натпреварувачка сезона 2016/17* |
| *Максимизирање на приходи од програми и проекти* | *Програми и проекти во соработка со невладини организации, Влада на РМ, ЕУ, МОК, ФИФА и УЕФА* | *Дефиниран план и портфолио на проекти еднаш годишно* | *2016 - 2017* |
| | | *Проценка на пазарот за консултанти за помош со аплицирање за ЕУ проекти* | *До август 2016* |

## 1.3 Финансиски раст

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Добро финансиско управување и планирање на сите нивоа* | *Развој на долгорочно финансиско планирање* | *Имплементирање на ефикасен финансиски систем за планирање* | *До 2017 година* |
| | *Развој на сеопфатен систем на финансиско известување, оптимизација на процесот на изработка на буџети и нивно следење* | *Подобрување на системот на финансиско известување* | *До крај на 2016* |
| | *Ревидирање на големите добавувачи и проекција на модел за намалување на трошоци од услуги и набавки* | *Подобрување на ефикасноста во исплатата на фактурите од добавувачи, повторно преговарање со големите добавувачи* | *Од крај на 2016* |

# 1.4 Инфраструктура

- Вложување, развој и одржување на фудбалската инфраструктура

- **Клучни зборови:** стадион, терен, игралиште, тревна подлога, подлога со вештачка трева, осветлување, едукација, опрема за одржување, сместувачки капацитет, проектна документација, кризен менаџмент, безбедност, категоризација, фанови, база на податоци

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Подобрување на инфраструктурните услови на стадионите на Прва и Втора Лига* | *Инфраструктурно подобрување на стадионите со помош на Хет Трик програната на УЕФА.* | *Поставување на тревна подлога и осветлување на 4 стадиони* | *До 31.12.2016* |
| | *Соработка со локална самоуправа во подобрување на клупската инфраструктура* | | |
| | *Зајакнување на капацитетите во рамки на ФФМ и едукација на лицата одговорни за одржување на терените во соработка со ФИФА, УЕФА и останати партнери* | *Одржана едукација за вработените во ФФМ одговорни за одржување на терени во организација на ФИФА, УЕФА и други партнери еднаш годишно* | *Во периодот 2016 - 2026* |
| | *Поддршка на клубовите со машини и професионалци за одржување на терените на стадионите* | *Организирана едукација од страна на ФФМ за останати заинтересирани страни* | *Во периодот 2016 - 2026* |
| | *Поддршка на реконструкција на останати стадиони по претходнот направена анализа* | *Изготвување на анализа за поддршка на останати стадиони* | *До крај на 2017* |

## 1.4 Инфраструктура

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| Реконструкција на фудбалска инфраструктура погодена од поплави | Спроведување на планот за помош на поплавените терени и фудбалска инфраструктура | Давање поддршка за реконструкција на поплавени терени | До јуни 2016 |
| Унапредување на условите за одигрување меѓународни натпревари | Спроведување на акциони планови согласно барањата за УЕФА Супер Куп 2017 | Стручна поддршка и следење на прогресот на реконструкција на национална арена Филип Втори Македонски | До јуни 2017 |
| | Аплицирање за програми на ФИФА и УЕФА за унапредување на ифраструктура | Помош при оспособување на 10 стадиони за одигрување на меѓународни натпревари / категорија 1 и 2 | До јуни 2017 |
| Креирање на безбедно окружување на стадионите | Кризен менаџмент, проектна документација за справување со кризи<br>Да се создаде безбедно окружување за враќање на фановите на фудбалските терени | Имплементиран систем за кризен менаџмент на сите стадиони | Заклучно со почеток на натпреварувачка 2018/19 сезона |

## 1.4 Инфраструктура

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| Прочистување на базата на податоци на целата фудбалска инфраструктура, стадиони и игралишта за тренинг, сали за футсал, игралишта за пониски рангови на натпреварување | Целосна регистрација и категоризација на стадиони, игралишта за тренинг,сали за футсал, игралишта за пониски рангови на натпреварување | Завршена комплетна регистрација и категоризација | До крај на 2017 |
| | Ревидирање на правилникот за категоризација на фудбалската инфраструктура | Реведирање на состојбите и повторна категоризација на секои две години | Во период од 2018 до 2026 |
| | Подобрување на инфраструктурните услови во детските лиги | | |
| Унапредување на инфраструктурата поврзана со фудбалската академија | Изградба на сместувачки капацитет како дел од проектот УЕФА Фудбалска Академија | Завршување со изградба на сместувачки капацитет | До крај на 2016 |

## 1.5 Меѓународен успех:

– создавање услови за развој на квалитетни младински репрезентации кои ќе постигнат успех на меѓународен план со што ќе се создаде основа за квалитетни сениорски репрезентации; создавање услови за развој на квалитетен клупски фудбал.

**Клучни термини:** селектирање, скаутинг, клубови, репрезентации, фудбалска академија, натпревари, турнири, успех, резултати, регионално натпреварување, едукација, пласман, завршен турнир, стимулирање, стручен штаб

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Учество во елитна рунда со категории до 17 и 19 години* | *Поквалитетно селектирање и скаутинг во националните тимови. Учество во развојни турнири. Поголем број на пријателски натпревари. Стимулирање на клубови, преку едукација за оформување на сопствени фудбалски академии. Унапредување на работата на фудбалската академија, преку подобрување на начинот на селектирање на играчи за академијата – вистинска елитна фудбалска академија. Организација и учество во развојни турнири за репрезентации до 16 години.* | *Репрезентација до 19 (генерација 1999) во елитна рунда* | *Во 2018* |
| | | *Репрезентација до 17 (генерација 2000)во елитна рунда* | *Во 2017* |
| | | *Репрезентација до 19 (генерација 2000) во елитна рунда.*<br>*Генерација 2000 на најмалку еден финален турнир.* | *Во 2019*<br>*Од 2017 до 2019* |
| | | *Генерации 2002, 2003, 2004, 2005 и 2006 во најмалку една елитна рунда годишно* | *Во периодот од 2020 до 2026* |

## 1.5 Меѓународен успех

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| *Учество на репрезентација до 21 година на завршен турнир* | *Постојано унапредување на работата на репрезентација до 21 година.<br>Следење на модерни трендови во младите национални селекции од У15 до У19.<br>Константно унапредување на едукацијата на клупските тренери во млади категории со поддршка на ФФМ.<br>Перманентен скаутинг на фудбалери в о странство со македонско потекло.* | *Репрезентација до 21 во бараж за европско 2017* | *До крај на 2016* |
| | | *Ранкинг во трет шешир за квалификации за европско 2019* | *До крај на 2016* |
| | | *Бараж за европско 2019.* | *До крај на 2018* |
| | | *Пласман на европско во 2021.* | *До крај на 2020* |

## 1.5 Меѓународен успех

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
| --- | --- | --- | --- |
| *Подобрување на рејтингот на А репрезентација* | *Подобрување на рејтингот преку постигнување резултати на пријателски и квалификациски натпревари. Константно следење и примена на модерни трендови во тренажниот процес од страна на селекторот и тренерите кои се дел од стручниот штаб. Перманентен скаутинг на фудбалери во странство со македонско потекло. Константно унапредување на едукацијата на клупските тренери со поддршка на ФФМ. Креирање на систем за перманентно мерење и следење на перформансите на репрезентативците. Воспоставување на систем на анализа на коефициенти на противници за пријателски натпревари.* | *Пласман подобар од 80 место на ФИФА ранкинг листата* | *До 2018* |
| | | *Пласман од 4та во 3та дивизија на лига на нации на крај на прва едиција* | *Почеток на втора сезона 2020/21* |
| | | *Пласман подобар од 60 место* | *До 2020* |
| | | *Пласман во плеј оф група за ЕВРО 2020* | *До крај на 2019* |
| | | *Пласман во бараж за светско првенство 2022* | *До крај на 2021* |
| | | *Пласман на Европско првенство 2024* | *До крај на 2023* |
| | | *Пласман на светско првенство 2026* | *До крај на 2025* |

## 1.5 Меѓународен успех

| Специфични цели | Активност | Показатели | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| Клупски успех | Залагање за развој на модел за регионално натпреварување. Континуирана едукација на клупската администрација Едукација  на клубовите за придобивките од формирање на талент програма.Едукација на клубовите за придобивките од отварање на сопствени академии | Подобрување на рангирањето на македонските клубови на УЕФА листа | од 2016 до 2026 |
| | | Спроведена едукација на клупска администрација и стручниот штаб најмалку еднаш годишно | од 2016 до 2026 |
| Подобрување на меѓународните перформанси на женските фудбалски репрезентации | Договорно ангажирање на селекторите на женските фудбалски репрезентации. Скаутирање и селектирање на талентирани фудбалерки од младинските клубови. | Подобро рангирање на младинските женски фудбалски репрезентации | 2016 до 2021 |
| | | Подобрување на ФИФА ранкинг на женска А репрезентација | до 2021 |
| Учество на завршен турнир на Футсал Репрезентација и Футсал Лига шампиони | Назначување на технички директор на футсал репрезентација.Скаутирање и селектирање на талентирани футсал играчи. Континуирана годишна талент програма за футсал репрезентација. | Учество на Европско Футсал Првенство – завршен турнир | Во 2020 |
| | | Учество во завршна фаза од футсал лига шампиони | Од 2020 |